# BOOK OF ABSTRACTS
# ЗБОРНИК НА РЕЗИМЕА

General sponsor
Генерален спонзор

ALKALOID
SKOPJE
www.alkaloid.com.mk



1st Congress of the Association doctors
GP/FM South-East Europe (A GP/FM SEE)
Ohrid, 15 – 18 June 2006
Republic of Macedonia

I Конгес на Асоцијацијата на лекарите
по општа/фамилијарна медицина
на Југоисточна Европа
Охрид, 15 – 18 јуни 2006
Република Македонија

Мотив од Охрид
Фото: Н. Николовски

**Социопсихијатриски аспекти на криминално однесување и параноидни состојби**

И.Филов, С.Најдовска, М.Тумбевска-Никушева, А.Илиевска, Психијатриска болница Д. Хисар

**Цел:** Цел на овој труд е да ја прикаже меѓусебната релација меѓу социјалните и психопатолошките детерминанти на параноидните состојби, кај извршители на кривични дела. Одредувањето на овие детерминанти дава можност за предикција од малигна агресија и предикцијата на рецидив на кривично дело.

**Материјал и методи:** Во истражувањето се вклучени две групи на пациенти. Во испитуваната групатоа се 20 пациенти со дијагностициран параноиден синдром, кои се извршители на кривично дело , а во контролната група се 20 пациенти кај кои е исто така дијагностициран параноиден синдром, нокои не се извршители на кривично дело. Користени се следните тестови: LOBI, Скала на одредување на параноидност и Скала за одредување на агресивитет (Kattel), BPRS.

**Резултати:** Испитувањето покажа статистички значајна разлика во свете групи. Имено во испитуваната група скоровите на Скалата за агресивитет и Скалата за параноидност беа покачени во однос на контролната група, БПРС прашалникот покажа назначена психопатологија кај испитуваната група на ајтемите кои се однесуваат на процесот на мислење и агресивитетот, а LOBI покажа дека кај испитувата група има значајни одлики кои укажуваат на проблеми во растот и развојот, дисфункционалност во семејството и криминалното поведение во рано детство.

**Заклучок:** Горенаведените резултати укажуваат дека примената на тестови за клиничка процена на социопсихијатриските детерминанти на параноидните состојби може во значајна мерка да биде основа за предикција на криминалното одесување во оваа група, како и примена на соодветни постапки за превенција и третман.

**Примена на доктрина од Националната стратегија за третман на пациенти со Акутен миокарден инфаркт - Приказ на случаи**

Милановска Е.,Николовска М.,Милановски Љ.,ПЗО ГО-КО Медика Пробиштип

**ЦЕЛ:** Да докажеме дека правилната примена на доктринарните ставови од Националната стратегија за третман на пациенти со АМИ е спас за истите.

**МАТЕРИЈАЛ И МЕТОДИ:** Користен е материјал од здравствените картони, отпусни листи и извештаи од ИСЗ и Филип втори. Обработени се 4 случаи со АМИ јавени во период од 10 дена во Ноември 2005 г., 3 машки од кои 2 на возраст помеѓу 40 и 50 г., еден на возраст од 68 год. и една жена на возраст од 74 год. Двајцата помлади пациенти се јавени во време од половина час од појава на градната болка едниот испратен во време помалку од 3 часа во Филип втори направена коронарографија поставен стент и за еден ден вратен дома, вториот испратен на ИСЗ со ист тек како и претходниот. Постариот маж јавен по 48часа од градната болка и испратен во Мед.центар Штип на фибринолиза со добар тек на болеста а жената јавена по 48 часа од појавата на градната болка со појава на знаци за декомпензација и шок испратена во Мед.центар Штип со продолжителен тек, развој на тешка исхемична миокардиопатија и летален исход. Кај двајцата млади пациенти јавени веднаш имаше ЕКГ промени со елевација на СТ сегментот додека кај постарите пациенти веќе беа развиени ЕКГ промени со Ку забец.

**ЗАКЛУЧОК:** Навременото јавување, брзата ЕКГ дијагноза и навремениот транспорт за примена на перкутана коронарна интервенција е спас за пациентите.